


Драги читатели,

Добредојдовте на страниците на есенското издание на нашиот билтен, каде ќе најдете информации за она на кое беше фокусирана нашата работа, во периодот јуни – септември 2022 година.

Се надеваме дека успеавте да го искористите летото за активности на отворено и за малку поинакво работно секојдневие, но и за да ја надополните енергијата и да продолжите одморени и со нови идеи.

Ние во ЦеПроСАРД, со задоволство ги резимираме успешно реализираните активности од минатиот период и продлжуваме да работиме на обликувањето на политиките за одржлив развој поврзани со животната средина и климатските промени, како ефикасен начин да се донесат позитивни промени во општеството. При тоа, нашите заложби за општествен напредок кој се заснова на основните вредности на мирот, слободата, еднаквите права и човечкото достоинство, се уште поцврсти.

Наш приоритет останува остварувањето на целите за одржлив развој, особено целите 16 и 17 на кои е заснована и долгорочната стратегија на ЦеПроСАРД: промовирање инклузивни општества на мирот за одржлив развој, обезбедување правда за сите и градење ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа, како и зајакнување на имплементацијата и ревитализирање на глобалното партнерство за одржлив развој.

Во оваа насока, минатите три месеци нашиот тим вредно работеше на повеќе проекти и активности: вклучување и промовирање на хортикултурна терапија во станбените единици за живеење со поддршка за лицата со попреченост (проект ТИМОР); проектот за високо ефикасен систем за греење кој користи ОИЕ за јавните објекти во Радовиш – особено значајно со оглед на енергетските околности во оваа област на глобално ниво (проект Зелена топлина); градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата (активности од истоимениот проект кој се спроведува со поддршка на градот Скопје). Ја спроведовме изборната постапка за регрантирање и ги детектиравме потребите за надоградување на знаењата и вештините на идните социјални претприемачи во рамките на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – ‚Не оставај никој зад себе'".

**Особено нè радува формирањето на Едукативен центар за стручно оспособување и кариерен развој-ЦЕПРО ЕДУ ДООЕЛ Скопје, кој во иднина ќе се развива и ќе работи на креирање на разновидни програми за едукација и кариерен развој на возрасни**. Ќе настојуваме да обезбедиме квалитетни едукативни програми во сите области во кои делуваме, а на сите учесници на обуките им посакуваме успешна едукација и понатамошен развој!

Повеќе информации ќе најдете во продолжението на овој билтен.
Срдечен поздрав од целиот тим на ЦеПроСАРД

## Проект *"Заедно за повеќе можности и поддршка"* - ТИМОР

Измининатите три месеци беа исклучително успешни и продуктивни за тимот на проектната единица при проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР“ во кои континуирано продолжи процесот на деинституционализација на лицата од Специјалниот Завод Демир Капија во станбени единици за живеење со поддршка во заедницата и активности поврзани со нивна адаптација и рехабилитациски активности.

На 22.07.2022 се одржа **официјално отворање** на една станбена единица во Демир Капија и истата беше посетена од страна на Министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска и градоначалникот на Општина Демир Капија, Лазар Петров, со присутна медиумска покриеност.

Во наведеното тримесечје беа отворени уште **три нови станбени единици**, од кои две во Демир Капија и една во Градско. Досега, во рамките на проектот „Заедно за повеќе можности и поддршка – ТИМОР“ отворени и функционални се вкупно 8 станбени единици за поддржано живеење во заедницата, а во нив преселени се вкупно 40 корисници од Специјалниот Завод Демир Капија.

Во месец јули-август, продолживме со имплементирање на активноста - „обезбедување на иновативни социјални услуги во заедницата“ за чие континуирано спорведување подготвивме “**Водич за градење на вештини за спроведување на услуги за хортикултурна терапија**“, подготвен од страна на ангажираните консултанти – Проф. Д-р Зоран Димов при ФЗНХ и Стојан Андонов, окупационен терапевт. Истите, на 11.08.2022 во просториите на Депандансот на Специјалниот Завод Демир Капија го одржаа теоретскиот дел од **обуката за спроведување на рехабилитациски услуги преку хортикултурна терапија**. На обуката присуствуваа вкупно 25 стручни лица и асистенти за поддржано живеење кои се стекнаа со вештини за примена на окупациона терапија преку употреба на лековити блики и растенија-хортикултурна терапија, согласно изработениот Водич.

Во периодот август-септември одржавме **практичен дел од обуката** за примена на хортикултурна терапија во рехабилитациски цели, во два наврати при четири станбени единци за живеење со поддршка во заедницата во Велес и Демир Капија. При обуките. присутни беа директорката на Специјалниот Завод Демир Капија, Александра Велковска, претставник од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, Ива Михајловска, асистентите за живеење со поддршка од станбените единици, координаторите како и дел од стручните лица при Специјалниот Завод Демир Капија. Окупациониот терапевт, Стојан Андонов даде практични и едноставни примери за примена на окупанциона хотикултурна терапија (техники) во домашни услови која има за цел да ја подобри физичката и менталната сотојба на лицата со попреченост и да придонесе кон активна рехабилитација и рекреација во текот на дневните активности.

Во рамките на кластерот активности - проектен менаџмент и координација на проектот, на 28.09.2022 се одржа 8-миот **состанок на конзорциумот** на проектот ТИМОР. На состанокот беа презентирани изминатите завршени активности во периодот мај-септември, се дискутираа тековните активности со цел нивна квалитетна и навремена реализација, новите полиња за работа кои произлегуваат со новоотворените станбени единици, како и план за успешно завршување на следните проектни активности во периодот од октомври-декември 2022 година. По состанокот, проектниот тим заедно со претседателот на Фондација Лоза и претседателот на одборот на директори на фондацијата ги посетија станбените единици отворени во проектот и одржаа состанок за идни можности за соработка, финансирање и поддршка на активностите како продолжение на постоечките проектни цели.

Доколку сакате да прочитате повеќе информации проектните цели и резултати на нашата веб страница, кликнете овде.










*Проектот се спроведува во рамките на Акционата програма ИПА II 2017 на Поддршката на ЕУ за образование, вработување и социјална политика - Поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор во земјата.*

Проектот "Заедно за повеќе можности и поддршка - ТИМОР" е финансиран од Европската Унија со времетраење од 36 месеци, а се спроведува од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во конзорциум со:

- Специјален Завод "Демир Капија";
- Општина Демир Капија и
- Фондација Лоза од Шведска
- Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија

## ЦеПроСАРД – верифицирана организација за вршење на обуки на асистенти за живеење со поддршка во заедницата

Во месец септември успешно ја завршивме верификацијата на институцијата за образование на возрасните "Едукативен центар за стручно оспособување и кариерен развој" - ЦЕПРО ЕДУ дооел - Скопје. Институцијата е верифицирана согласно Законот за образование на возрасните (Сл.Весник на Република Македонија бр.7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 144/14, 146/15, 30/16 и 64/18). Започнуваме со едукација на идните **асистенти за давање на услугата живеење со поддршка на лицата со попреченост**, преку верифицирана програмата за едукација во Центарот за образование на возрасни - ЦОВ.

Во иднина ќе развиваме програми и ќе работиме на едукација и кариерен развој на возрасни во сите области на нашето делување. Особено ќе се насочиме на верификација на програмите за подобрување на енергетска ефикасност на објекти (кровопокривачи и сл.) и користење на обновливи извори на енергија како и развивање на програми во делот на органското производство.

## Проект „*Поддршка на социјалните претпријатија преку следење на принципот – Не оставај никој зад себе*"

Со цел објавување на отворениот повик за регрантирање и поддршка на потенцијални и

Во изминатиот период проектниот тим работеше и го објави **јавниот повик за доделување на**

постојни социјални претпријатија, во изминатото тромесечие беше организирана Тркалезна Маса - **“Предизвици и Можности за развој на социјалната економија во Република Северна Македонија”.** Настанот беше организиран како дел од проектните активности кои имаат за цел да ги поддржат социјалните претпријатија и да изнајдат решенија за задоволување на нивните потреби, да се подобрат условите за работа и капацитетот на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија и да се поддржи развојот на потенцијалните и постојните социјални претпријатија за значително зголемување на нивниот оперативен капацитет, одржливост, пристап до пазарите и зелената економија, притоа поддржувајќи го зголемувањето на вработувањето на ранливите групи на луѓе, што ќе придонесе за нивната социјална и професионална реинтеграција.

Со цел подобрување на целокупните капацитети на потенцијалните и постојните социјални претпријатија и дефинирање на нивните специфични потреби е изработена **Проценка на потребите и капацитетите на Социјалните Претпријатија.** **грантови** со цел поддршка на ентитети кои делуваат на претприемачки начин, создаваат иновативни и неконвенционални решенија за тековните општествени предизвици, креираат вредност за општеството и за сите засегнати страни. По завршување на јавникот повик и евалуација на пристигнатите апликации, беа одбрани 6 организации чии резултати се објавени на веб страната на ЗГ ЦеПроСАРД.

Во исто време, проектниот тим на проектот континуирано работи на зацврстување на соработката помеѓу организации, локална самоуправа и јавните институции, и нивно вмрежување преку остварени состаноци и потпишани 10 меморандуми за соработка од кои 8 со органи на локалната самоуправа.

Проектот е финансиран од Европската Унија.
Период на имплементација декември 2021 - мај 2023

Доколку сакате да прочитате повеќе информации за проектот на нашата веб страница, кликнете овде.






## Проект „*Зелена Топлина*“ (Green Heat) во партнерство со Општина Радовиш

Согласно резултатите и препораките од Анализата за употреба на високо ефикасни алтернативни системи за греење кои користат ОИЕ за пет јавни објекти во Радовиш, која беше изработена во рамки на проектот Зелена топлина и ги зема предвид најдостапните извори на обновлива енергија, но и актуелните случувања во енергетскиот сектор, се изработи техничка документација за греење на овие објекти, каде како примарен извор на енергија се користи сончевата енергија.

Техничккото решение предвидува поставување фотоволтаици, за производство на електрична енергија на кровoвите на пет објекти. Истата ќе се користи за потребите на новиот систем за греење со топлински пумпи. Значајна предност на овој систем е тоа што се базира исклучиво локален извор на енергија и не е зависен од дополнителни енергенси. Дополнителна придобивка е што вишокот произведена електрична енергија, општината, покрај за греење ќе може да ја користи согласно потребите и за друга намена.




Проектот е финансиран од програмата IPA "EU for Municipalities" која има за цел пилотирање на иновативни решенија за локалните проблеми во општините, истовремено зајакнувајќи го нивниот капацитет да се справат со нивните надлежности, да ги користат и приспособат најдобрите практични решенија од локалните власти во земјите-членки на ЕУ, како и да ја подобруват вклученоста на локалните чинители во решавањето на проблемите.

Кликнете овде доколку сакате да прочитате повеќе детали за проектот на нашата веб страница.

## Проект - *Градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата*

Во рамките на проектот “Градење на вештини за имплементација на социјални услуги за живеење со поддршка во заедницата” имплементиран од страна на ЗГ ЦеПроСАРД во изминатото тромесечие беа реализирани активностите поврзани со **теориска и практична обука** за усовршување на заинтересирани лица за надоградување на знаењето за нега и поддршка на лица со попреченост.

По 6 дневна теоретска настава на две групи, на 29-ти септември одржавме 6 дневна практична наставаа со што завршивме со обуките на асистентите за живеење со поддршка во заедницата. Обуките за практична настава ги посетија вкупно 19 лица од отсекот болничари при СУГС “Марија Кири Склодовска” - Скопје, и 17 лица асистенти за живеење со поддршка, а теоретскиот дел се состоеше од вкупно 27 учесници.

Преку обуката за едукација на асистенти за живеење со поддршка учесниците имаа можност да се запознаат со нови начини и методи за извршување на социјалната услуга асистенти за живеење со поддршка во заедницата за лицата со попреченост. Во теоретскиот и практичен дел од обуката беа опфатени следните теми: Современи пристапи во давањето на поддршка на корисникот, начини за организација на работното место, грижа за здравјето на корисникот на услугата и многу други. По успешното завршување на теоретскиот и практичниот дел на обуката учесниците се стекнаа со сертификат за асистенти за поддржано живеење и можност за вработување во станбена единица за живеење со поддршка на лицата со попреченост во заедницата

Проектот е финансиран од Град Скопје согласно Програмата за активности во областа на социјалната, детската и здравствената заштита во град Скопје за 2022 година и согласно Решението за финансирање на Проекти и проектни активности на здруженија на граѓани и фондации бр.08-287/1 од 17.03.2022 година. Период на имплементација мај 2022 - октомври 2022

Кликнете овде доколку сакате да прочитате повеќе детали за проектот на нашата веб страница.









## Студија за локален контекст за праведна транзиција во земјата, со битолскиот регион како студија на случај




За потребите на проектот „Панда лабс џуниор за праведна транзиција“, фокусиран на праведната транзиција, заштитата на животната средина и зеленото претприемништво во С. Македонија, Србија, Црна Гора и Бугарија, ЦеПроСАРД ја изработи ***Студијата за локален контекст за праведна транзиција во земјата, со битолскиот регион како студија на случај – Генерација за промена***.

Во Република Северна Македонија проектот го спроведува Џуниор Ачивмент Македонија, а студијата е дел од заложбите за промоција на социјален и праведен транзициски концепт, во рамки на процесите што ќе се преземат до 2030 година, согласно трендовите за инклузивна транзиција кон позелена економија.

Овој проект е дел од Европската климатска иницијатива (EUKI) на германското федерално министерство за животна средина, конзервација на природата и нуклеарна безбедност (BMU), а главната цел е да се придонесе кон праведна транзиција и навремен развој на знаење и претприемнички капацитети за младата генерација во регионите со јаглен.
Кликнете **овде** доколку сакате да ја прочитате или преземете Студијата.

# Одржани обуки за заштита на животната средина - ЗГ ЦеПроСАРД во соработка со бизнис секторот од североисточниот плански регион на РСМ

Експертскиот тим од ЗГ ЦеПроСАРД во соработка со РЕ Услужни дејности во Друштво за градежништво, трговија и услуги „Козјак" АД Куманово, одржа теренска обука со цел подигнување на знаењето на вработените за водење грижа за животната средина. Обуката се одржа во месец август во просториите на АД „Козјак" и тоа во подружницата Бетоњера – инсталација за производство на готова бетонска смеса и во подружница Каменолом Краста – инсталација за ископ на минерална суровина варовник.



Обуката опфати тематики од повеќе подрачја, како што се: можни извори на загадување на медиумите воздух, вода и почва; начини на управување, мониторинг и превземање на мерки за намалување на влијанијата од тековните загадувања на медиумите воздух, вода и почва; начин на управување со комунален и опасен отпад; можни извори на бучава и вибрации и мерки за заштита и нивно намалување; состојба со постоечки биодиверзитет, мониториг и ревитализација.

Обуката е финансирана од Друштво за градежништво, трговија и услуги „Козјак" АД Куманово.

*Copyright © 2022 CeProSARD, All rights reserved.*

**Our mailing address is:**
info@ceprosard.org.mk

Want to change how you receive these emails?
You can update your preferences or unsubscribe from this list.

This email was sent to <<Email Address>>